57423



13071.

## „РЕКВИЕМ" НА ПОТОЦКИ ВО ПАРКОТ НА СКУЛПТУРИТЕ НА МСУ



ФОТО: А. ИВАНОВСКИ

*Со силна порака за мир: Потоцки со својот „Реквием"*

# В ГОДИНА И СПОМЕНИК НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

*Анита ЈОВАНОСКА*

**ПО ДОНИРАНОТО ДЕЛО, РУСКИОТ СКУЛПТОР ГРИГОРИЈ ПОТОЦКИ ИЗРАЗИ ЖЕЛБА ДА НАПРАВИ И СПОМЕНИК НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И АКО ПРЕДЛОГОТ МУ БИДЕ ПРИФАТЕН, ИДЕЈАТА ЌЕ ЈА РЕАЛИЗИРА СЛЕДНАТА ГОДИНА**

„Оваа скулптура во себе носи силна порака. Преку Македонија сакам да испратам порака за мир до целиот свет", изјави рускиот уметник Григориј Потоцки, вчера во „Паркот на скулптурите" пред Музејот на современа уметност, на свеченото промовирање на скулптурата „Реквием" - донација од уметникот.

„Делото изразува еден од многуте концепти на Библијата. Ја претставува смртта на невините, персонифицирани во ликот на Св. Георги Победник кој го поразил злото. Бесмислената смрт на луѓето кои биле жртви на етничката и расната нетрпеливост, жртви на деструктивни идеи, на расизмот во било кој вид", ја објасни Потоцки идејата на скулптурата изработена во бронза, а висока 200 сантиметри.

Овој гест на уметникот, го поздрави и министерот за култура, Благој Стефановски кој рече дека оваа скулптура ја покажува чудесната моќ на уметноста на еден непосреден начин да допре до длабочината на нашето битие. „Ова уметничко дело го започнува и сопствениот живот меѓу македонската публика, станува уште едно поглавје во непрекинатиот уметнички дијалог и ги зацврствува длабоките врски меѓу македонската и руската култура", додаде Стефановски, пред амбасадорот на Руската федерација во Македонија, Агарон Асатур, како и гостите од Русија, меѓу кои и претставник на Собранието на Москва.

За Потоцки ова нема да биде последна посета на Македонија. „Долго време ја имa идејата овде да направам споменик на Александар Македонски. Се надевам дека тоа ќе го реализирам следната година", најави Потоцки кој, по Скопје, заминува за Етиопија, каде ќе гради споменик на поетот Пушкин.

Наредниот период во Музејот на современа уметност ќе биде претставена и скулптурата на гитаристот Влатко Стефаноски, која Потоцки ја изработил мотивиран од прекрасниот настап на Стефановски на „Деновите на македонската култура" во Русија.

Григориј Потоцки, кој веќе направи споменик на трагично загинатиот претседател Борис Трајковски во Струмица, е еден од најзначајните руски уметници. Учествувал на повеќе од сто изложби во Русија и странство. Неговите дела се наоѓаат во колекции на национални музеи во Русија, Германија, Франција, Шведска, Турција, Швајцарија, Канада, Италија, Бразил.